# III УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ИНСТАЛАЦИЈАТА

С О Д Р Ж И Н А

III.1 Детали за структурата на управување со инсталација....................2

III.2 Управување со животната средина....................................................8

III.3 Компетентност, стручна оспособеност и свест................................9

## Прилог III

1. Организациона шема на "Адинг Градба" -Струмица
2. Политика за квалитет и животна средина

## III.1 Структура за управување со "АДИНГ ГРАДБА" Струмица

### Вовед

Согласно "Законот за животна средина" (Сл. Весник на РМ бр. 53/2005) со кој се уредуваат правата и должностите на правните и физичките лица во обезбедувањето на услови за заштита и унапредување на животната средина заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина и согласно Член 6. Начело на висок степен на заштита при што секој е должен при преземањето активности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето, изготвен е еколошко - технолошки елаборат со анализа на изворите на загадување и оценка на влијанието врз животната средина од "Адинг Градба" - Струмица.

Согласно *"Законот за животната средина"*, основни цели на заштита се постигнуваат со: предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на неповолното влијание на околината. При тоа се употребуваат следниве дефиниции:

- *Животна средина* е просторот со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина;

- *Заштита и унапредување на животната средина* е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка; спречување на штетната бучава и вибрации; заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење; заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина);

- *Квалитет на животната средина* е состојбата на срединaта изразена со физички, хемиски, естетски и со други показатели;

- *Емисија* е испуштање или истекување на супстанции во течна, гасовита или цврста состојба, препарати, испуштање на енергија (бучава, вибрации, зрачење, топлина), миризба, организми или микроорганизми, како и испуштање на микробиолошки материјал од некој извор во еден или во повеќе медиуми на животната средина, како резултат на човекова активност;

- *Имисија* е концентрација на загадувачките материи и супстанции на одредено место и во одредено време во медиумите на животната средина;

- *Загадување на животната средина* е емисија во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина;

- *Загадувач* е секое правно или физичко лице чие делување посредно или непосредно, предизвикува загадување наживотната средина;

- *Штетна материја за животната средина* е биолошки или физички агенс, или појава/состојба чие присуство во животната средина може да предизвика непосредна или одложена закана или загадување за еден или повеќе медиуми или области на животната средина, како и други надразнувачки, запаливи и експлозивни материи кои во одредено количество, концентрација или интензитет имаат такви својства;

- *Мониторинг на животната средина* е систематизирано мерење, следење и контрола на состојбите, квалитетот и промените на медиумите и областите на животната средина;

- *Единечен емитер.* Извор на загадување (вентилатори, филтри, оџаци, циклони и др.);

- *Енергетски емитери.* Емитери од кои како резултат на производството на енергија (технолошка, електрична и др.) доаѓа до испуштање на штетни материи;

- *Индустриски емитери.* Емитери кои како резултат на соодветен технолошки процес испуштаат штетни материи;

- *Проток.* Количество (во $m^3$) на отпадни гасови коишто се испуштаат од единечниот емитер во единица време (во $m^3/h$);

- *Масен проток.* Количество (во kg) на отпадни гасови коишто се испуштаат од единечниот емитер во единица време (во $kg^3/h$);

- *Концентрација.* Концентрација на штетни материи во отпадни гасови (во $mg/m^3$ или ppm);

- *Потрошувачка на вода.* Количество на технолошка и отпадна вода (во $m^3$/ден);

- *Бучава.* Секој непријатен звук

- *Фреквенција (Hz).* Зачестеност на варијациите на притисокот во 1 секунда;

- *Децибел (dB).* Однос меѓу измерена големина и прифатено референтно ниво на притисок од 20 µPa што одговара на 0 dB.

Заштитата на околината се темели на почитување на основите на меѓународното право на заштита на околината, со уважување на научните знаења и најдобрата светска пракса.

Стандардите за квалитетот на околината кои содржат гранични вредности за поединни составни делови на околината и за посебно вредни, осетливи или загрозени подрачја се одредуваат со посебен пропис, ако не се одредени со закон.

За одредени производи, уреди, опрема и производни постапки кои може да предизвикаат ризик или опасност за околината со посебни прописи се одредуваат технички стандарди за заштита на околината.

Техничките стандарди ги одредуваат граничните вредности на емисијата и имисијата во врска со производната постапка и користењето на уредите и опремата. Проценката на влијанието на околината треба да содржи и вреднување на влијанието на околината, како и мерки за заштита на околината, како неповолните влијанија би се довеле на најниска можна мерка и би се постигнала најголема зачуваност на квалитетот на околината.

## Кратка историја на инсталацијата "Адинг Градба" - Струмица

Развојот на денешнава фирма за производство и монтажа на бетонско производство на столбови за далекуводи и трафостаници за потребите на електростопанството и на македонски телекомуникации Адинг Градба ДООЕЛ Струмица од основањето па се до денес ги влече корените од далечната 1961 година кога со акт на Народниот одбор на Општината Струмица е основана како "Управа за комунални работи" Струмица за вршење на дејности од комунално уредување на градот, под водство на управникот Борис Цонев, и во својот опстанок минува низ повеќе пререгистрации и промени во дејноста на работењето.

Така во 1963 година пак со Решение на Народниот одбор на Општината Струмица се пререгистрира во Окручен стопански суд Штип како " Управа за градска чистоќа" Струмица и извршување на дејност - одржување на чистота и комунално уредување во градот под водство на Борис Цонев, за да во 1966 пак со одлука на Народниот одбор на Струмица повторно се припои кон "Управа за комунални работи" под директување на Васил Арабаџиев. Веќе во 1972 година повторно доаѓа до пререгистрација на "Управата за комунални работи" со основање на две основни организации во нејзините рамнки и тоа: 1. Управа за комунални работи ОО "Чистоќа" под под водство на Директорот - Антонио Донев и втора ОО Управа за комунални работи под водство на Раденко Шишовски.

Веќе од 1978 година ООЗТ "Градба" се пререгистрира во РАботна организација "Градба " Струмица, директор Раденко Шишовски и претежна дејност, производство на бетонска галантерија (тротоарски плочки, блокови, ивичници и сл,) хидроизолации од битумен за градежништво до почетно, иницијално производство на армирано бетонски столбови за далекоководи и монтажно бетонски столбови за електростпанството.

Спгласно законските прописи, во декември 1989 година се пререгистрира во Претпријатие со општествена сопственост "Градба" Струмица пак по директорување на Раденко Шишовски, кој подоцна го наследија двајца вршители на должноста - директор, Бабулов Ристо и

мираковски Јордан кои го водеа и организираа работењето на претпријатието се до 15 Април 1994 година кога е воведен стечај над фирмата, а опстанокот се спроведе преку активен стечај и задржување на дел од производството: производство на армирано бетонски столбови и монтажни трафостаници за потребите на енергетскиот систем во Р. Македонија.

Веќе со заклучување на стечајот и продажбата на ПОС Градба во стечај Струмица како правно лице и трансформација односно приватизација од 14.01.1998 година претпријатието функционира како приватно претпријатие АДИНГ - ГРАДБА ДООЕЛ - Струмица, под целосно водство на единствениот сопственик Васе Митев. Од Јануари 1998 година се до денес се бележи и продолжува подемот на опстојување и развој на фирмаата.

Од изнесеното, еволативниот историјат низ сите општествени текови и потешкотии во работењето и опстанокот, покажува развој и менување на дејноста, од изведување на комунални работи за чистење на градот, уредување на улици, патишта преку изведување на градежно занатски работи, производство на изолациони материјали во градежништво до изградба на локални патишта со користење  на асфалт од сопствената асфалтна база, дојде до производство на бетонски столбови далеководи и телекомуникации , бетонски монтажни трафостаници и пропратна опрема за производство на за основно производство. Со приватизацијата на Друштвото повеќекратно е зголемено производсттвото, првенствено поради добра организација, воведениот ред и дисциплина, максимална ангажираност на управувачката екипа и на вработените во реализација на зацртаните планови и програми се со цел - успешен опстанок на фирмата во континуитет и егзистенција на вработените.

Со ТГД "Адинг Градба" - Струмица управуваат:

- **Управител**

Управителот управува со ресурсите и реализацијата на работните процеси за обезбедување на договорените обврски и законските прописи,

- **Раководителите на одделите**

Раководителите на одделите управуваат со ресурсите и реализацијата на работните процеси, реализација на производите во одделот со кој управуваат, за обезбедување на договорените обврски и законските прописи во согласност со дефинираните овластувања и одговорности.

- **Координатор на животна средина**

За вршење на функцијата Координатор за животна средина за системот за управување со заштитата на животната средина во "Адинг Градба" - Струмица овластен е Раководителот на производство кој има овластувања и е одговорен за следните активности:

- работата на Одборот за заштита на животната средина
- идентификација и следење на реализацијата на законските и други регулативи за заштита на животната средина
- идентификација на аспектите на животната средина и нивно вреднување
- дефинирање општи и посебни цели за заштита на животната средина
- следење на реализацијата на програмата за заштита на животната средина
- стручно оспособување на кадри за заштита на животната средина
- комуникација со сите страни заинтересирани за проблематиката врзана за заштита на животната средина
- соработка со институциите овластени за следење на придонесот за заштита на животната средина

## III.2. Управување со животната средина

Генералниот Директор во соработка со Одговорните за процесите на производство се одговорни за заштита на животната средина и постојано подобрување на работните процеси и производите ја дефинираат Политиката за животна средина на **"Адинг Градба" Струмица**.

Политиката за заштита на животната средина го изразува разбирањето, определбата, стратегијата и одговорноста на раководството за обезбедување на услови за работа кои нема да претставуваат никаква опасност за загадувањето на животната средина.

Сите вработени во **"Адинг Градба" Струмица** мораат, без одстапки и во секој момент да ги исполнуваат барањата на Системот за управување на животната средина. Одстапување од обврските пропишани во Постапките за управување на животната средина, може да доведе до сериозни последици по животната средина во која претпријатието функционира, а со тоа и до несогледливи последици по угледот на нашата инсталација. Угледот на **"Адинг Градба" Струмица** во опкружувањето во кое стопанисува не смее да биде загрозен во ниеден момент и поради тоа секое отстапување од обврските пропишани во Постапките за управување на животната средина ќе биде строго санкционирано. Во прилог III ни е претставена Политиката за управување на животната средина.

## III.3 Компетентност, стручна оспособеност и свест

**"Адинг Градба" Струмица** применува и одржува постапки за идентификување на потребите и спроведување на обуки за сите вработени кои извршуваат активности кои се дел од системот за заштита на животната средина.

Сите учесници во процесите на работа во **"Адинг Градба" Струмица** ќе поминат низ обука која ги запознава со сите барања на системот за заштита на животната средина и со одговорните дадени низ докуменатацијата на системот за заштита на животната средина.

Со оваа обука вработените се запознаваат со барањата на Политиката за заштита на животната средина, насоката на делување, целите, законските и другите барања кои се обврзуваат да ги почитуваат, со нивните обврски, значајните аспекти на животната средина во нивната дејност, акциите во случај на незгода или вондредни ситуации, последиците кои настануваат во случај на отстапување од предвидените обврски, користа за животната средина од нивниот подобрен работен учинок и сите останата детали неопходни за успешно функционирање на системот за заштита на животната средина.

Секој раководител е одговорен да ја обезбеди потребната стручна оспособеност на своите вработени, врз основа на компетентноста, обуката и/или работното иуство, а во согласност со барањата на работата која се извршува.

Посебно се води сметка при приемот на нови кадри истите да се запознаат со својата улога во функционирањето на системот за заштита на животната средина.

Координаторо за животна средина е одговорен за изработка на програма, планови и реализација на комплетниот циклус на обука и стручно оспособување од областа на заштита на животната средина и водење на соодветни записи.

